РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ
BANKA PËR ZHVILLIM E MAQEDONISË SË VERIUT SHA SHKUP
DEVELOPMENT BANK OF NORTH MACEDONIA JSC SKOPJE

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РСМ“ бр. 101/2019),

РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД
BANKA PËR ZHVILLIM E MAQEDONISË SË VERIUT SH.A.
Бр.-Nr. 02-244/4
22. 01 2026 год.-viti

**Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје**
**ул. Димитрие Чуповски бр. 26, тел. 02/3115-844, info@mbdp.com.mk**

**Весна Вељановска**
(име на службеното лице)

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2025 до 31.12.2025)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;
**Весна Вељановска,** info@mbdp.com.mk

**2. Број на примени барања;**
- 3 (три) барања.

**3. Број на позитивно одговорени барања;**
- 1 барање позитивно,
- 1 барање позитивно во дел.

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;**
- 1 барање одбиено. Причина: член 6 став 1 (ЗСПИЈК), член 74 (Закон за НБРСМ) и 111 и 112 (Закон за банките) – банкарска тајна.
- 1 барање одбиено во дел. Причина: член 6 став 1 (ЗСПИЈК), член 74 (Закон за НБРСМ) и член 111 и 112 (Закон за банките) – банкарска тајна.

**5. Број на неодговорени барања**
/

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);**
- 2 вложени жалби по 1 барање.
**Решение на РБСМ бр. 03-2916/4 од 27.10.2025 година**,
**Одлука:** Барањето делумно се уважува. Се прифаќа барањето за пристап до информации кои се однесуваат на прашањето под реден број 2. Се одбива барањето за пристап до информации кои се однесуваат на прашањата под редните броеви: 1 и 3.
**Причини:**
- побарани се информации со кои банката се стекнала при вршење на банкарски и други активности за поединечни лица и истите согласно Законот за банките, член 111 и член 112, и согласно Законот за НБРСМ, член 74, претставуваат класифицирани и доверливи информации и се однесуваат на банкарската тајна која банката е должна да ја заштити и чува, а врз основа на член 6 став 1 алинеја 1 од ЗСПИЈК.
- штетата врз интересот кој се заштитува е многу поголема од јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.

- евентуално објавување на бараните информации, од страна на НБРСМ би било санкционирано согласно одредбите од Законот за банките. Освен санкцијата, објавувањето на овие заштитени информации ќе предизвика и негативна репутација за банката.
- најголем дел од кредитните линии РБСМ ги спроведува преку банки-учеснички, што значи дека крајните корисници на овие кредитни линии се комитенти на банките-учеснички. Земајќи го во предвид погоре наведеното, врз основа на член 6 став (1) алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одбива барањето за пристап на информации кои се однесуваат на точките под реден број 1 и 3 односно:
  - *список или база на податоци со сите компании (и проектите) кои добиле кредити од Развојната банка на Северна Македонија во период од 01.01.2020 до денот на добивање на одговор на ова Барање, вклучувајќи ги: компаниите што добиле директни кредити од Развојната банка и, компаниите што добиле под-заеми преку комерцијалните банки во рамки на кредитни линии финансирани или координирани од Развојната банка, и*
  - *копии од извештаите што деловните банки ги доставуваат до Развојната банка во рамки на кредитните линии, и тоа: Извештаи доставени пред одобрување на кредитите и, Извештаи доставени по реализација на кредитите.*

**<u>Решение на РБСМ бр. 03-3149/7 од 01.12.2025 година</u>,**
**<u>Одлука:</u>** Барањето за пристап до информации од јавен карактер кои се наведени под реден број 1 и 3, се одбива како неосновано во целост.
**<u>Причини:</u>**
- врз основа на член 6 став 1 алинеја 1 од ЗСПИЈК, а согласно член 74 од Законот за Народната банка на РСМ, член 111 и 112 од Законот за банките, врз основа на спроведениот тест на штетност проценето и одлучено е дека РБСМ не смее да ги објави бараните информации бидејќи со закон е пропишано нивното необјавување и исклучоците за нивно објавување.
- за објавување на законски заштитени податоци (банкарска тајна) се предвидени казнени прекршоци за банката и одговорните лица кои ги направиле достапни овој вид на податоци. Бараните информации се дел од доверливи договори помеѓу банка и клиент, без разлика дали се работи за компании или комерцијални банки во државата со кои РБСМ има склучено договори за соработка (кредитирање).
- штетата од објавување на овие информации е реална, непосредна и значителна, а таа вклучува: ризик од нарушување на финансиската стабилност на компаниите (влијание на нивната репутација, шпекулации за финансиски потешкотии, губење на деловни партнери, нарушување на преговарачката позиција со други финансиски институции, рекетирање на компаниите-кредитокорисници и мотив за кривични дела против сопствениците и управителите на компаниите), ризик од нарушување на конкурентската позиција и создавање на негативни пазарни ефекти (конкурентите би можеле да извлечат деловно чувствителни заклучоци за: интензитетот на инвестиции, финансиските циклуси, ризиците, економската стратегија, стекнување на неправедна бизнис предност), ризик за банкарскиот систем (нарушување на довербата во банката, демотивирање на компаниите да користат државни финансиски инструменти), ризик за РБСМ (нарушување на репутацијата на банката, реална можност за отворање на низа судски постапки против банката за откривање на законски заштитени податоци од страна на компаниите, но и од страна на деловните банки во државата, изложување на банката на непотребни и дополнителни трошоци, ризик по остварување на економската цел заради која банката е основана, казни за прекршување на одредбите од Законот за банките, член 111 и член 112, и тоа: глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за банката доколку банкарската тајна не биде чувана и заштитена или не биде соопштена согласно со членовите 111 и 112 од овој закон (член 187-б, став 1, алинеја 11), и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во банката за прекршоците од ставот 1 на член 187-б (член 187-б, став 2)).

- заштитените интереси на РБСМ се економските интереси на РСМ, стабилноста на банкарскиот систем, правото на доверливост на клиентите и заштита на пазарната позиција на кредитокорисниците.
- земајќи ги во предвид штетите кои реално би настанале, зсемајќи ги во предвид заштитените интереси и земајќи го во предвид јавниот интерес, РБСМ го одби барањето за пристап до информациите.

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;**
- 2 усвоени жалби по 1 барање.

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**
/

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и**
/

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.**
/

**Напомена:** Против двете решенија на Агенцијата, од страна на РБСМ поднесени се тужби пред Управниот суд на РСМ.

**Скопје, 20.01.2025 год.**
(Место и датум)

**Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје**
(Имател на информации-печат)

(службено лице – потпис)